Информативен лист: Регистрирани здруженија

**Приспособување кон новите закони**

На 1 ноември 2012 г., *Законот за регистрирање на здруженија од 1981 г. (Associations Incorporation Act 1981)* ќе биде заменет со *Реформираниот закон за регистрирање на здруженија од 2012 г. (Associations Incorporation Reform Act 2012)*. Новиот Закон вклучува и некои „преодни одредби“ за да им се помогне на здруженијата да се приспособат кон новите закони. Тие се накусо наведени подолу.

## Положбата на регистрираното здружение

Секое здружение регистрирано според стариот Закон останува регистрирано и според новиот Закон. Датумот на регистрирање нема да претрпи никакви измени, а уверението за регистрирање продолжува да важи.

## Изјава за целите

Откако новиот Закон ќе стапи на сила, изјавата за целите на здружението автоматски ќе се сметаат за составен дел од правилникот.

Откако новиот Закон ќе стапи на сила, здружението што за прв пат поднесува барање за регистрирање веќе нема да мора да пополнува посебен формулар „Изјава за целите“, ама мора да наведе кои се неговите цели во својот предложен правилник.

Ако едно здружение поднесува барање за менување на својот правилник откако ќе стапи на сила новиот Закон, неговите цели мора да бидат вклучени во неговиот предложен правилник.

## Правилник

Прилогот 1 (Schedule 1) кон новиот Закон содржи нови ставки што мора да бидат опфатени со правилниците на здруженијата. Тие се следните:

- името и целите на здружението
- правата и обврските на членовите
- постапките за поднесување оставка и за престанување на членството
- постапката за назначување и разрешување на секретарот
- подготвување и чување на записниците од генералните собранија и состаноците на управниот одбор
- одредба што на членовите им овозможува пристап до записниците од генералните собранија, вклучувајќи ги и финансиските извештаи поднесени на генералното собрание
- право на пристап (ако е тоа назначено во правилникот) на членовите до записниците од состаноците на управниот одбор.

Без оглед на тоа дали здружението користи сопствен правилник или општ правилник, не мора да брза да го измени со воведувањето на новите закони.

### Здруженија што користат сопствен правилник

Ако некое здружение користи свој **сопствен правилник** (односно, не го користи општиот правилник), постојниот правилник останува важечки се додека да се измени. Штом членовите ќе решат да направат било какви измени во постојниот правилник, новиот правилник исто така мора да ги опфати сите ставки што се наложени во Прилогот 1. Во меѓувреме, ако има несовпаѓање меѓу правилникот на здружението и новиот Закон, важи она што го  налага новиот Закон.

### Здруженија што користат општ правилник

Таквите здруженија треба да го прегледаат новиот општ правилник за да утврдат дали тој е погоден за нивните цели. Ако таквите здруженија не ја известат Викториската служба за потрошувачки прашања (Consumer Affairs Victoria) за својот правилник во рок од **12 месеци** откако ќе стапи на сила новиот Закон, нивниот тековен правилник автоматски ќе биде заменет со новиот општ правилник.

Ако здружението ја извести Викториската служба за потрошувачки прашања, тоа може:

- да се префрли на новиот општ правилник порано
- да изработи свој сопствен правилник.

Од 1 ноември 2012 г. новиот општ правилник ќе може да се најде на consumer.vic.gov.au/forms.

Правилникот на здружението (без оглед на тоа дали е сопствен или општ) мора да ги опфаќа сите ставки што се наложени со Прилогот 1. Во спротивно, се смета дека соодветната одредба што ја опфаќа таа ставка е вклучена во правилникот.

За повеќе информации во врска со тоа како се менува правилникот, погледнете го информативниот лист **Правилник на здружението (Association rules)**.

## Лице за врски со јавноста се заменува со секретар

Според новиот Закон, изразот „лице за врски со јавноста“ се заменува со изразот „секретар“.

Тоа нема да влијае на ниеден документ заверен од лице за врски со јавноста според стариот Закон.

Кога новиот Закон ќе стапи на сила, секретарот може да продолжи или да доврши било каква задача отпочната од страна на лице за врски со јавноста. Викториската служба за потрошувачки прашања ќе смета дека тоа е истото лице освен ако не добие поинаква информација.

Consumer Affairs Victoria

## Финансиски извештаи

Со новиот Закон ќе се воведе нов начин на поднесување извештаи преку поделба на три групи. Здруженијата ќе бидат определени во Прва, Втора или Трета група, во зависност од нивниот приход. На пример:

- Прва група: $0 - $250.000
- Втора група: $250.000 - $1.000.000
- Трета група: повеќе од $1.000.000.

Оваа нова поделба ќе ја замени старата поделба на „пропишани" и „непропишани".

Регистрираните здруженија мора да ја разберат новата поделба и да утврдат во која од трите групи спаѓаат, бидејќи тоа ќе влијае на нивните обврски за поднесување извештаи. Посетете го consumer.vic.gov.au/associations за подробности.

### Нова форма на поднесување на финансиските извештаи

Викторискaта служба за потрошувачки прашања ќе им го испраќа годишниот извештај во нова форма на здруженијата на кои финансиската година завршува на или после 1 ноември 2012 г.

Здруженијата на кои финансиската година им завршува пред 30 јуни 2013 г. може да изберат да го поднесат својот годишен извештај во оваа нова форма, или пак во старата „пропишани/не-пропишани" форма. Погледнете го следниот дел за подробности.

Секретарот (поранешното лице за врски со јавноста) е одговорен за поднесување на годишниот извештај до Викторискaта служба за потрошувачки прашања.

Место да го испраќа формуларот за годишен извештај еден месец пред датумот на завршувањето на финансиската година на здружението, Викторискaта служба за потрошувачки прашања сега ќе го испраќа **еден месец подоцна.** Здружението ќе има **пет месеци** од датумот на завршување на својата финансиска година за да го одржи своето годишно генерално собрание и да го поднесе годишниот извештај.

За повеќе информации како се подготвува и поднесува годишен извештај, погледнете го информативниот лист: **Завршување на годината и финансиски извештај (Annual cycle and financial reporting)**.

### Можности за поднесување на извештаите

Секое здружение регистрирано според стариот Закон може да одбере да ги подготви и поднесе финансиските извештаи во согласност со стариот Закон, ама само за финансиските години што завршуваат *пред* 30 јуни 2013 г.

На пример, здружение чија финансиска година трае од 1 јануари 2012 г. до 31 декември 2012 г. може да одбре да ги поднесе финансиските извештаи според новиот систем за поделба на групи, или пак според системот „пропишани/не-пропишани".

Здружение чија финансиска година завршува на или после 30 јуни 2013 г. мора да ги поднесе своите финансиски извештаи според новиот систем за поделба на групи.

Ако здружението ги поднесе своите финансиски извештаи користејќи го системот „пропишани/не-пропишани“, секретарот мора да се јави во Викториската служба за потрошувачки прашања за да побара формулар за поднесување, и да наведе дали здружението ќе поднесува извештај како пропишано или како не-пропишано за 2012-2013 година.

## Тековни постапки

Ако едно здружение поднело било какви барања според стариот Закон кои не биле завршени пред да стапи на сила новиот Закон, се смета дека тие се поднесени според соодветните одредби од новиот Закон.

Викториската служба за потрошувачки прашања ќе биде во состојба да ги обработи најголемиот дел од барањата поднесени според стариот Закон без да бара натамошни информации. Меѓутоа, ќе го известиме здружението ако ни се потребни повеќе подробности.

Сите решенија, назначувања или известувања направени според стариот Закон се сметаат за важечки според новиот Закон.

Сите дејствија преземени од страна на Викторисканта служба за потрошувачки прашања според стариот Закон ќе се смета како да биле извршени според новиот Закон.

## Сакате ли повеќе информации?

**Викториска служба за потрошувачки прашања (Consumer Affairs Victoria)**

Викторисканта служба за потрошувачки прашања ги регистрира и регулира регистрираните здруженија во Викторија, и го спроведува законот за регистрирани здруженија.

Место на интернет: consumer.vic.gov.au/associations

Тел.: 1300 55 81 81

**PilchConnect**

PilchConnect е независна непрофитна организација што им пружа специјалистички правни услуги и совети на групите во заедницата.

Место на интернет: pilchconnect.org.au

Тел.: 03 8636 4400